**Philological Studies 21, 2, (2023) Стручен труд**

**УДК 821.163.3-31.09**
**DOI: https://www.doi.org/10.55302/PS23212192mg**

# ПОСТМОДЕРНИ МЕЃУЧОВЕЧКИ РЕЛАЦИИ, МАНИПУЛАТИВНИ ИГРИ НА МОЌ И ЕТИЧКИ НОРМИ ВО РОМАНОТ *ДИССОМНИИ* НА ИГОР СТАНОЈОСКИ

**Јасмина Мојсиева-Гушева**
*Институт за македонска литература*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје*
*https://orcid.org/0000-0002-3513-0708*

**Апстракт:** Трудот претставува едно можно читање на романот „Диссомнии“ на Игор Станојоски, толкуван преку Баумановите флуидни меѓучовечки релации и етичките норми на новото време. Станува збор за роман во кој личната семејна драма на раскажувачот е испреплетена со колективната драма на револуционерните протести на плоштадот Мајдан во 2013 година во Украина, со состојбите во македонското општество, со лажната демократија, со психолошката војна и лажните вести, со влијанието на новите форми на пропаганда врз психолошката состојба на поединецот.

Во интерпретацијата на романот се поаѓа од критичките ставови на Малком Вотерс за глобализацијата, за глобалното село, во кое лесно можат да се инкорпорираат интересите на моќните транснационални структури, кои, преку различни манипулации, ги оставаруваат своите интереси. Во трудот се користени и препораките на псиохологот Клад Штајнер за препознавање и за разобличување на манипулациите на двете инволвирани страни во конфликтите на глобално ниво и нивното пренесување во стилот на функционирањето на одделни личности од медиумите, кој потоа влијае и врз нивниот приватен љубовен живот.

Преку подробна анализа на двете дела од романот на кои како мото стојат искази од збирката раскази „Војната нема женско лице“ на нобеловката Светлана Алексиевич, во трудот се доаѓа до заклучоците дека во постмодерното глобализирано општество заради остварувањето на целта на глобализаторите, луѓето често се подложни на манипулации, кои потоа негативно се одразуваат врз етиката и меѓучовечки релации и дека сè уште сме далеку од крајот на обединувањето на кое му претстојат долги исцрпувачки воени конфликти во кои ќе бидат инволвирани сите човечки ресурси.

**Клучни зборови:** глобализација, игри на моќ, продолжена манипулација, психолошки притисок, амбиваленција, флуидни врски, постмодерна етика, слобода на говор.

# POSTMODERN INTERHUMAN RELATIONS, MANIPULATIVE POWER GAMES AND ETHICAL NORMS IN THE NOVEL *DYSSOMNIAS* BY IGOR STANOJOSKI

**Jasmina Mojsieva - Gusheva**
*Institute of Macedonian Literature*
*Ss. Cyril and Methodius University - Skopje*
*https://orcid.org/0000-0002-3513-0708*

**Abstract:** This paper presents one possible reading of Igor Stanojoski's novel "Dyssomnias" interpreted through Bauman's fluid interpersonal relations and the ethical norms of the postmodern age. It is a novel in which the narrator's personal family drama is intertwined with the collective drama of the revolutionary protests on Maidan Square in 2013 in Ukraine, as well as with the conditions in Macedonian society, fake democracy, psychological warfare and fake news,
and the influence of the new forms of propaganda on the psychological state of the individual.
The starting point for the interpretation of the novel are the critical views of Malcolm Waters on globalization and the global village where the interests of powerful transnational structures can be easily incorporated, and realized through various manipulations The paper also uses the recommendations of the psychologist Claude Steiner for recognizing and exposing the manipulations of the two involved parties in the global conflicts and their transmission through the working style of of individual media personalities, which then also affects their private love life.
Through a detailed analysis of the two parts of the novel, which have as their motto statements from the collection of short stories "War Doesn't Have a Female Face" by the Nobel laureate Svetlana Aleksievich, the paper concludes that in the postmodern globalized society, in order to achieve the goals of the globalizers, people are often subject to manipulations that have a negative impact on ethics and interpersonal relations. Subsequently we are still far from the end of unification, which shall be preceded by long exhausting military conflicts involving all resources of humanity.

**Keywords:** globalization, power games, prolonged manipulation, psychological pressure, ambivalence, fluid relationships, postmodern ethics, freedom of speech

## Вовед

Светот во кој живееме од ден на ден сè повеќе се згуснува и зазема форма на едно глобално село во кое секоја активност на поединецот се рефлектира врз колективот како целина и влијае врз неговата иднина. Ако, процесот на обединување врз база на дисперзирана управувачка структура (што според теориите на Хард и Негри пласирани преку книгата „Империја“ е крајна цел на процесот на глобализацијата), продолжи и понатаму, нацијата и државата ќе бидат

нејзините следни сигурни жртви. Тие неминовно ќе доживеат распад во корист на транснационалните корпорации на широкораспространетите светски економии на новиот политички и културен поредок, граден врз основа на транснационалните врски и системи од секов вид, во кои се вклучени и меѓучовечките вмрежувања базирани на индивидуални интереси. Во овој новонастанат глобализирачки контекст и односите меѓу луѓето претрпуваат видни промени насочувајќи се сѐ повеќе кон индивидуалните потреби и цели. Целото општество се разводнува и плови во различни, често, спротивни насоки предизвикувајќи нарушување на воспоставените норми и на поставените цели, што резултира со нејасност и општа збунетост на единките. При тоа видно се занемаруваат постулатите на заедништвото, на општото добро и хуманото однесување кон другите и нивните желби. Овие променети меѓучовечки односи Бауман ги нарекува флуидни релации, кои во себе (на индивидуален план) инкорпорираат флуидни пријателства и љубови, додека (на глобален план) сме сведоци на евидентно присуство на флуидни општествени односи од кои потоа произлегуваат флуидни конфликти од големи размери.

**Флуидни меѓучовечки релации**

Постмодерните човечки релации најчесто се растегливи и лабави за да можат да бидат одврзани и заменети лесно со нови откога ќе се сменат општествените околности, кои, во новото време, и самите се подложни на чести промени. Нестабилноста и кревкоста на овие релации носи несигурност и неспокојство со кое е обременето секојдневното живеење. Динамичното постмодерно време, од своја страна, носи акутни решенија на проблемите и привремени состојби, кои резултираат со незадоволство кај најголемиот број чинители. Од друга страна, се јавува сѐ поголема индивидуализација во сите сегменти на општеството, која навидум носи право на избор и слободно одлучување, што секако се поврзува со среќата на индивидуата.

Но, дали оваа динамика и растегливост во меѓучовечките односи носи вистинска среќа или е тоа само привидна благосостојба на единката надворешно исполнета со сите потреби за лежерен живот, но внатрешно осиромашена за средби и размени со вистински блиски пријателски и љубовни врски? Се прашуваме дали зголемената слобода и право на сопствен избор го ослободува човекот од општествените стеги или го оптоварува носејќи поголеми обврски и одговорности? Дали, всушност, постмодерните индивидуи се загрижени за флуидноста на нивните односи или ги прифаќаат и сфаќаат како нормално однесување? На сите овие и уште многу други прашања одговор ќе дадеме

преку анализата на романот „Диссомнии“[1] од македонскиот писател Игор Станојоски, кому општествените состојби во Македонија и Украина и флуидните меѓучовечки релации му се блиски теми затоа што и самиот тој е личност со плурален идентитет, кој долго време од својот живот го поминал во странство. Од неговата кратка биографија дознаваме дека Станојоски е роден во Копенхаген, но дипломирал на Филолошкиот факултет во Скопје, потоа работел на универзитетите во: Лавов (Украина), Катовице (Полска), Брно (Чешка), докторирал на Институтот за словенска филологија во Сосновец (Полска) и повторно се вратил во Македонија, каде што е ангажиран како насловен доцент на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Своите добри познавања на современите општествени состојби и случувања во Македонија и Украина авторот ги искористи како предлошка за да развие допадлива драматична приказна за флуидната љубов меѓу двајца млади, испреплетена со колективната драма на бранот демонстрации на плоштадот Мајдан во Киев, кои исто така се поттикнати и обременети со флуидните меѓународни односи во кои се вплетени интересите на повеќе транснационални економии. Тие моќници поврзани преку различни мрежи ги влечат конците на сите светски кризи и револуции (кадифени револуции, кризата на Блискиот Исток итн. ...), свесно манипулирајќи со остатокот од светот за сопствена корист. Не е никаква тајна дека во глобализираниот свет поврзувањата меѓу луѓето се случуваат поради заедничките интереси, кои се менлива категорија. Можеби затоа во говорот на денешната младина, која најлесно се вклучува во овој светски процес на глобализација преку манипулации, почесто е застапен глаголот *да се конектираш* (Бауман, 2003:10) во мрежа на корисници со исти интереси и мислења отколку што се зборува за инвестирањето во поврзаноста со некого со кого би можел да разговараш за своите искуства, очекувања и емоции.

## Распнатост меѓу сонуваните желби и суровата реалност

Смекнатите, разводенетите и разредени релации меѓу двајца млади љубовници поттикнати од состојбите на современото украинско општество, обременето со лажна демократија, со насилни демонстрации, со влијанието на новите форми на пропаганда врз психолошката состојба на поединецот се предмет на обработка на романот

[1] Романот е забележан од македонската критика (награден е со Рациновото признание во 2018 год.) не само поради актуелноста на темата што ја обработува, туку и поради универзалноста на проблематиката и комплексната структура во која се испреплетуваат повеќе жанрови (трилер, акција, психолошки роман).

„Диссомнии“ на Игор Станојоски. Главните јунаци на романот се наши современици (македонски писател и неговата украинска свршеничка – новинарката Настја), кои, поради неодамнешните превирања во украинското општество, запаѓаат во низа несекојдневни ситуации што ја доведуваат во прашање меѓусебната доверба и посветеноста кон нивната кревка љубовна врска. Уште на самиот почеток на романот е најавена кршливоста на нивниот однос преку описот на љубовната постела во кој писателот ги анализира движењата во сон – наречени „немирни нозе“ на својата свршеница доведувајќи ги во врска со своите полусонливи визии за двете врзани нозе на Настја:

„Во некои делови од полусонот ми се причинуваше дека за нозете на Настја некаде околу глуждовите се врзани две јажиња. Обете јажиња како во бајка излегуваа низ прозорецот и за крајот на едното јаже беше врзана месечината, а за крајот на другото јаже беше врзана една од автомобилските гуми што гореа долу на плоштадот“ (Станојоски, 2017:11).

Со овој опис се навестува напната психа на Настја и интуитивниот сомнеж на писателот за растргнатоста на неговата свршеница меѓу романтичната љубов и актуелните политички превирања на плоштадот Мајдан.

Настја е амбициозна новинарка, која, за да просперира во својата професија, прифаќа секакви манипулации, а и самата вешто манипулира со својот вереник избегнувајќи ги подолгите престои во нивниот украински дом. Нејзините електронски пораки упатени до вереникот од лажниот интернет-профил на измислената личност – Каролина Јаневска се провлекуваат низ целиот роман и се стожерот околу кои се плетат заплетите. Првата порака, како божем починал неговиот дедо, а баба му е тешко болна (Станојоски, 2017: 15) не предизвикала никаква конкретна акција од вереникот, туку само иницирала чудење и грижа на совест, која уште повеќе се продлабочила со втората директна порака: „ ... баба ти прашува дали ќе дојдеш да се видите“ (Станојоски, 2017:56). Но, и покрај сета заложба на Настја, очекуваниот ефект тој да замине на подолг престој во Македонија, не се остварил.

Пораките од Каролина, на чиј профил се гледаат само убави женски стапала, ја разбудила писателската фантазија за евентуален можен близок контакт и флерт со непознатата, која може да ја искористи како инспирација за своите креации, па затоа кратко и одговорил: „Како си ми ти девојче? Сакам да си дојдам. Испрати ми твоја слика. Како е баба?“ (Станојоски, 2017: 90).

Веќе со третата кратка порака: „ ... таа умрела“ (Станојоски, 2017:91) се јавил сомнежот кај писателот дека можеби се работи за измама, кој се движи во следнава насока: „Значи ако Каролина била сведок на смртта на баба ми, таа би рекла: *Таа умре*, а не *таа умрела…* “ (Станојоски, 2017: 94).

Дилемата дали таа личност што се претставува како Каролина е реална или е само некој лик од некој негов иден роман кулуминира кога тој ќе се врати во Македонија и кога решава да ѝ предложи на непознатата директна средба во селската куќа на неговите предци (Станојоски, 2017:130). Под силен психички набој, поради неодамнешното разделување со свршеницата, иницирано од откривањето на другите нејзини манипулации, кај главниот јунак се јавува една немирна состојбата на мешање на реалноста со сонот. Така тој не се сеќавал јасно за средбата со наводната Каролина, ниту за тоа што правел во текот на ноќните прошетки исполнети со консумација на алкохол. Не се сеќавал ниту за другите необични случувања во дедовата куќа, кој почнал да ги поврзува со појавата на вампири или со диссомниите, кои му се јавувле најверојатно поради неодамнешната повреда на главата.

Конструираниот лик на Каролина од фејсбук-пораките се јавува како некоја несвесна епизода од неговиот живот. Една епизода, како што пишува Милан Кундера, „... не е неизбежна последица од претходните дејствувања, ниту причина на она што следи; таа е вон каузалниот ланец на настани кој ја сочинува приказната. Таа е само стерилна случка којашто може да биде изоставена“ (цитат според Бауман, 2005: 270), но кај Станојоски таа епизодна улога ги придвижува реалните случувања во романот и остава траен белег на една посакувана љубовна врска во несвесната психата на писателот, отворајќи ја темата за етиката во љубовта. Таа епизодна улога е дел од приказната и е „насочена отаде царството на свеста во кое знаењето сериозно се насобира и се складира“ (Бауман, 2005:270). Каролина е еден од столбовите на измамата, намерно измислена за да ја олесни манипулацијата и да ја поттикне состојбата на конфузност. Кај измамениот лик токму тоа се случува, тој е во недоумица дали да се концентрира да го поправи односот со својата реална украинска свршеничка или да се оддаде на своите фантазии и на градење однос со непозната фејсбук-познаничка.

## Слобода на говор

Слободното изразување на мислите и чувствата се едни од најважните нешта за човечката индивидуа. Тоа е и најчестоупотребуваната флоскула и основата врз која се темели современото демократско општество. „Слободата на говор е најбитна за оние чии главен алат е

зборот какви што се писателите и новинарите“ (Станојоски, 2017:43) ќе констатира младата писателка Полина на промоцијата на својот роман, застанувајќи како и повеќето од украинската младина на страната на револуционерните протести на плоштадот Мајдан упатени против суспендираните подготовки за потпишувањето на Договорот за асоцијација со Европската Унија. Но слободата на говорот подразбира слободно изразување и на спротивната страна и сослушување на другите аргументи што ќе ги упати главниот јунак – афирмираниот писател и промотор на романот на Полина до публиката објаснувајќи дека Мајдан „не е борба за слобода на говорот“ (Станојоски, 2017:44), ниту е љубов, ниту е правда, туку напротив, тоа е омраза упатена кон власта која олигарсите вешто ја користат за да ги остварат своите интереси, при тоа, употребуваат формулации на кои никој здраворазумен не може да им се спротивстави, а се однесуваат на: величење на слободата и демократијата; на осудувањето на корупцијата и насилството. Овие искрени, јавно изречени негови размислувања како и постот со слична содржина наишле на осуда како кај неговиот издавач, така и кај поголемиот број од неговата читателска публика, а најмногу кај неговата вереница Настја, која го наговара да им се извини на читателите и да им објасни дека некој „русо-фашист“ (Станојоски, 2017:55), му го украл и му го хакирал телефонот пишувајќи го постот место него. Воопшто не и било важно мислењето на вереникот зашто единствено што било важно за неа се нејзините убедувања и нејзината кариера.

Различните ставови за случувањата во Украина би можеле да влијаат на поединечната благосостојба и на ограничувањето на индивидуалната слобода на говор, која, на двајцата, им е многу значајна. Тие се сосема свесни дека животот во постмодерниот свет, како што ќе констатира италијанскиот писател и политичар Џани Ватимо, значи „да се искуси слободата како постојана осцилација меѓу припаѓањето и изместеноста“ (Vattimo, 2008: 22) и дека слободата е проблематична категорија. Но, тие не се свесни дека слободата на говор и искреноста се исто толку важни и за добрите меѓучовечки односи и за меѓусебната доверба без која љубовта не е можна. Затоа и двајцата љубовници се претпазливи спрема состојбата на поврзаност, а особено на трајната поврзаност, поради тоа што се плашат дека таквата состојба може да им донесе товари, за кои обајцата чувствуваат дека не се способни, ниту сакаат да ги поднесат.

**Манипулација**

Сепак постои разлика во нивното однесување еден кон друг. Додека кај писателот сите реакции се спонтани, со извесна доза на

наивност, кај Настја е обратно, затоа што секоја нејзина постапка е со јаснопоставена цел и е однапред испланирана.

Таа е вешта во манипулацијата, можеби и затоа е избрана од својот претпоставен работодавач – приврзаник на Мајдан – да биде божемна жртва на провладини насилници, кои божем ја нападнале „на бензинската пумпа во близина на Житомир во два часот по полноќ“ (Станојоски, 2017: 69). Целта на овој исцениран напад била, како и кај секој психолошкиот притисок, да предизвика несвесна желба за побрзо завршување на преговорите со Европската Унија, да ја поткопа волјата за отпор и способноста за критичко и за конструктивно размислување.

Видно возбуден од медиумските известувања за немилиот настан, писателот веднаш се упатил во болницата во која била сместена Настја и со чудење забележал дека таа ниту е исплашена, ниту лекарите се загрижени за нејзината состојба, а половина од модринките и раните ѝ исчезнале по излегувањето од бањата. Но, таа упорно продолжува со својата приказна дека била нападната и дека: „... очигледно сакале само да ја понижат и да ја исплашат неа и другите новинари“ (Станојоски, 2017:71) и затоа не ѝ нанеле сериозни повреди. Објаснува дека ноќта додека цел час чекала брза помош, се јавила кај Бондарчук – нејзиниот работодавач, кој веднаш дошил, и откога ги видел снимките од камерите и кога веќе нападот се случил, решил да извлечат политички поени од настанот. Смислил стратегија во која ја вклучиле и болницата, каде што професионално ја нашминкале и ѝ доделиле лекар, кој ќе дава изјави за нејзината здравствена состојба пред медиумите. Свесни дека современото општество во основа е општество на комуникации, тие ја искористиле моќта на медиумите да конструираат слика на лажни претстави и да пласираат информации што ним им одговараат за да извршат влијание врз гледачите без при тоа да водат сметка за првиот и основниот услов на професионалната етика да известуваат точно, транспарентно и без пристрасност. Автотранспарентноста како да му е туѓа на современото работење и на современото општество во целост, потенцира Џани Ватимо во книгата „Транспарентно општество“, коментирајќи ги влијанијата што ги има постмодернизмот врз современата политика и култура. Тој објаснува како барањето за „вистинитоста на јазикот“, кое е предуслов за транспарентна комуникација, е поврзано со непочитувањето на моралните императиви и затоа развојот на современото општество се движи во насока на разновидни мислења, кои само го замаглуваат погледот на современиот човек, кој останува збунет пред хаотичниот свет.

Писателот иако останал запрепастен пред ладнокрвноста со која Настја ги објаснила случувањата околу исценираниот напад, во

еден миг решил да и поверува бидејќи само му било важно да е добро таа. Сепак го копкало прашањето зошто нему не му се јавила, туку му се јавила на Бондарчук, на што таа веднаш му возвратила дека не сакала да го вознемирува, правдајќи се:

„Во нашава земја (каква што е во моментов) кога си во неволја ѕвониш кај влијателни луѓе а не кај писатели. Ни се допаѓало тоа нам или не“ (Станојоски, 2017:73).

Овој навредлив одговор ја поттикнал љубомората кај него, па кога ненадејно му се укажала можност, ги преснимил последните фајлови од нејзиниот компјутер, кој, таа, во последно време, заради претпазливост, постојано го заклучувала. Подоцна во романот се покажало дека токму овие фајлови ќе ја обелоденат измамата на Настја.

Тука се отвораат бројни прашања за нејзините постапки и дилеми, за тоа каква личност е всушност таа. Дали Настја е личност што не поседува морал, срам и грижа на совест за своите постапки или е само конформист кој си ги гледа своите интереси? Или, пак, е заведена наивна млада новинарка, која постапува онака како што ќе ѝ се каже, или можеби е немоќна слаба жртва заробена во мрежата на универзалните интереси?

Без оглед дали нејзината вмешаност во сите случувања била доброволна или принудена, таа, за да ја прикрие својата вина, секако дека треба што поскоро да ја раскине свршувачката со неподобниот писател. Имено, статијата на еден од порталите со наслов: „Зошто е новинарката Анастасија Фургала свршена со скандалозниот писател? Дали е и таа предавник и агент на Кремаљ?“ (Станојоски, 2017:83) толку ја вознемирила и испровоцирала што ја искористила како повод да ја раскине свршувачката. Нивната кревка љубовна приказна се распаднала како кула од карти како последица од различните погледи кон моќните манипулации на приврзаниците на Мајдан и на Јанукович во кои биле вовлечени двајцата, Настја директно, а тој индиректно – преку неа.

**Игри на моќта**

Претставникот на трансакциската психологија – Клод Стајнер во книгата „Другата страна на моќта“ посочува дека кога некој ќе биде вовлечен во игрите на моќта, кај него се јавува силна желба да „возврати со посилна игра на моќ (ескалација) или да се потчини (капитулација)“ (Стајнер, 2008:79), или да најде некое „креативно решение (кооперативен одговор)“ (Стајнер, 2008: 131) преку кое ќе ја неутрализира загрозената состојба. Такви слични методи користи и писателот – јунакот од романот „Диссомнии“. Сакајќи да ѝ се доближи и да ѝ помогне на Настја во нејзината работа, тој ѝ укажува на манипулацијата

што ја прават поддржувачите на Виктор Јанукович. Имено, користејќи го знаењето што како писател го поседува, тој открива дека руската правобранителка, со која Настја неодамна правела интервју, исто така е манипулантка што користи измислени имиња во својот список – преземени од авантуристичкиот-акционен руски роман „Враќање на пираната“ од писателот Александар Бушков. За жал, ова креативно решение, преку кое сакал да постигне помирување, не вродило плод. Настја не му поверувала и уште еднаш го навредила нарекувајќи го „болен“ (Станојоски, 2017: 96) и прекорувајќи го „да почне да работи нешто нормално“ (Станојоски, 2017:97). Сакајќи да ѝ докаже дека е во право, тој решава да го понуди своето откритие на интернет-блогерите надевајќи се дека тие ќе го објават и дека таа конечно ќе почне да му верува и ќе го цени неговиот ангажман. Со таа своја постапка тој за миг застанува од другата страна на моќта. Менувајќи ја улогата, ги чувствува задоволствата од контролирачкото однесување.

Без да знае дека со оваа своја постапка повторно го навлекува врз себе гневот на јавноста, наивно наседнува на уште една измама од моќните противници. Од непознат број добива известување дека неговиот роман е добитник на престижната награда „Роман на годината“ и дека доделувањето ќе се случи на прес-конференција во Палатата на уметноста. Пресреќен од ненадејната добра вест како и од веста дека блогерот го објавил неговото откритие за списокот со лажни имиња, ѝ го возвраќа ударот на Настја пишувајќи ѝ заједлива порака: „добрите вести се за добрите мадиуми“ (Станојоски, 2017: 101) и заминува на врачување на наградата. Но, кога стигнал до Палатата, бил нападнат од група насилници и жестоко претепан.

Следната сцена се одвива во болницата, каде што во разговор со Настја сфаќа дека наградата ја добил некој друг и дека тој намерно бил повикан за да биде натепан. Повредите не го болеле толку многу колку што го болела повредената машка гордост и капитулацијата пред Настја од која повторно требало да позајми пари за гол живот. Непријатен му бил и нејзиниот однос кон него – како кон мало дете, кога му објаснувала дека и неа ја истепале токму оние што ги поддржувал тој. Психолошкиот притисок што долго време го трпел главниот јунак може да се поистовети со таканаречената „Гебелсова пропаганда“, заснована на циничната претпоставка дека лагите, за да бидат ефективни, мора да бидат големи, бесрамни и континуирани.

## Продолжени игри на моќ

Во релациите меѓу двајцата вереници се случило токму она што го објаснува Клод Сајнер дека „не секогаш, поединецот може да се

направи со ситуацијата и да ја прекине играта на моќ ...“ (Стајнер, 2008: 86). Писателот потиштен и поразен од манипулативните игри на Мајданските случувања, во кои била вклучена и неговата вереница, заминува од Украина со мисла дека сите валкани случувања ќе ги остави зад себе. Истото го направил кога како студент заминал и од Македонија, не можејќи да се носи со болката по смртта на целото негово најтесно семејство во страшната сообраќајна несреќа. Бегањето од несреќите и немирите се чини како негова природна состојба со која се заштитува себеси, оставајќи си простор за размислување дали можело сето тоа да заврши поинаку.

Сите негови соништа за среќен и мирен живот во новата татковина – Украина, заедно со саканата свршеничка, се урнале. Сета негова успешна писателска кариера во Украина се срушила за миг поради неговото искреноискажано мислење за манипулациите што ги прават двете завојувани страни. Но, зарем улогата на писателот не се состои во тоа да ја зборува вистината, да ги открива тајните заговори и да се стави секогаш на страната на правдата, на слабите и на потчинетите поединци? Зарем неговата улога не е да ги освестува и заштитува маладите луѓе пред налетот на манипулаторите, кои секаде во светот ги прават револуциите по ист модел?

Се разбира дека писателот верувал во исправноста на своите ставови и затоа тој и не се каел за својот избор. Но сеќавањата и фантазиите за она што потајно го посакувал ровареле по неговата потсвест. И кога мислел дека конечно завршил со Украинската епизода од својот живот, се сеќава на фајловите што скришум ги преснимил од лаптопот на Настја по нејзиното претепување на бензинската кај Житомир, од кои открива дека целата сцена со тепачката била однапред испланирана и материјално наплатена добро. Овие докази толку го вознемириле, така што решил да ѝ напише саркастична порака на Настја, од која таа ќе сфати дека ја открил нејзината доброчувана тајна.

Набргу потоа добива подолго писмо од неа во кое таа се правда со тезата дека „новинарството е со една нога во политиката“ (Станојоски, 2017:152) на која сè и е дозволено, а потоа вешто ја префрла вината врз него обвинувајќи го дека тој заборавил дека „таа е пред сè жена“ (Станојоски, 2017:152) на која тој одамна не ѝ посветил внимание, по кое таа божем копнеела. Овој вештоскован спин од страна на Настја, кој, писателот, не го препознал бидејќи сакал да ѝ даде уште една шанса на вереницата, ја разгорува и продолжува нивната згасната љубовна игра. Тој и не бил свесен за фактот дека кога во едно општество сите работи се решаваат врз основа на игри на моќ, многу е тешко,

семејните односи во тоа општество и во такви услови, да функционираат врз сосема поинаква основа.

И Настја се обидела да стави крај на својата врска со неподобниот вереник, но, сознанито дека тој поседува опасни фајлови за нејзините измамнички дејства ја мотивирало да ја заврши работата до крај и да се ослободи од нив на единствен можен начин – со повторна негова манипулација. Токму затоа го пишува тоа долго писмо, со кое го наведува писателот да ја покани да дојде на одмор во Охрид. И навистина тоа се случило, таа поминува романтичен одмор заедно со својот поранешен вереник, но не успева да ја заврши планираната задача докрај – да ги избрише опасните фајлови од компјутерот на писателот. И целиот тек на нивната релација доживува пресврт одолжувајќи се во недоглед.

**Кулуминација и  крај на љубовнта агонија**

Прашањето која е непознатата Каролина сепак неочекувано се разрешува пред крајот на романот. По романтичниот летен одмор во Охрид, кога ликот на писателот бил решен повторно да ја побара за жена својата поранешна свршеничка Настја, се случува откритието што го доведува до дефинитивен крај нивниот флуиден љубовен однос. Воден од вроденото истражувачко љубопитство, тој го проверува нејзиниот телефон и открива дека Настја е авторка на пораките од профилот на Каролина – името до кое, како што и самиот претпоставува, е дојдено преку спојот од популарните македонски пеачи Каролина Гочева и Владо Јаневски. Тоа откритие го заинтригирало уште повеќе да истражува по нејзините е-пораки и да ја дознае причината за ваквата постапка на Настја. Имено, Настја била во романтична врска со својот претпоставен – женетиот бизнисмен Бондарчук – со кого имала исти политички уверувања, исти амбиции и исти деловни тајни.

Ова сознание за прељубата на Настја било исто толку болно за нејзиниот вереник како што било болно и сознанието за дволичниот карактер на Настја и дека проблематичните фајлови што ги поседувал тој биле единствената причина зошто таа дошла во Охрид и зошто се преправала дека нивната врска има иднина.

Непремостливата двојна игра на Настја ја претворила нивната божемна љубовна врска во патетично пријателство во кое секој од нив глумел дека е заљубен. Никаков „обид да се надмине оваа двојна игра, да се скротат слободните мислители, да се припитомат бунтовниците“ (Бауман, 2013: 22) да се разоткрие непознатото, не можел да ја спаси нивната љубов. Дури ни еросот нема да ја зближи и премости нивната двојност, нивните двојни интереси, двојни политички погледи, двојни

желби и двојни погледи на светот. Впрочем, двојните игри, лагите, свртеноста кон себеси, манипулациите и поливалентните односи се едни од основните карактеристики на флуидните љубовни врски.

**Постмодерни етички норми**

Во постмодерното време амбивалентноста лежи во срцето на моралот (Бауман 2005:134). Јунаците се свесни за двете страни на своите амбивалентни чувства, но кога тие ќе станат конфликтни, проблемот го решаваат со тоа што ги насочуваат своите умови кон некоја трета работа (прибегнувајќи кон уметноста, кон работата, кон седењето на компјутер...) со очекувањето дека некои работи самите ќе се решат. Најчесто овој механизам се применува во однос на обврските што се избегнуваат вешто, на решенијата што никогаш не се донесуваат. Едноставно кога доаѓа моментот да се каже вистината, да се донесе и да се спроведе одлуката, двајцата љубовници од романот „Диссомнии“ одбираат да не размислуваат на тоа. Нивните умови секогаш се окупираат со нешто трето и така се избегнува непријатноста на конфликтот, кој постојано го одложуваат. Обично тоа се изразува со изговорите за немање време, презафатеност со други професионални обврски, кои се вклучуваат во ситуации кога треба да се спроведе нешто на дело.

Ваквите одложувања до бескрај, преку постојани изговори, можат да дадат и психосоматски симптоми, кои се манифестираат преку нарушувања на сонот – стручно наречени *диссомнии*, како што е насловен и самиот роман. Во вториот дел од романот како последица од долгиот емоционален немир, чии корени се влечат од непријатните случки од раното детство на јунакот – писателот, се јавуваат токму такви епизоди, кои стручно се објаснети со интертекстуално вметнувања на гласовите од радиоемисијата посветена на овој медицински проблем, како и со широкиот опсег на други асоцијации од фолклорот и од современиот културен живот.

Само емотивната напнатост и вроденото љубопитство на писателот да истражува по електронски фајлови на својата свршеничка и по нејзиниот телефон го спасило од долгата љубовна агонија. Претходно тој немал сила да се соочи со неизбежниот крај иако бил во тек со измамата што ја направиле медиумите, а се однесувала на наводниот напад од страна на приврзаниците на Јанукович врз младата „невина“ новинарка Настја, а можеби улога во тоа одложување имала и двојната посакувана и замислена врска со Каролина.

Амбиваленцијата е на некој начин отпор кон промените, кои бараат напор и труд, кои се непријатни. Постмодерните јунаци на новото време се безлични конформисти, кои лесно се вклопуваат во

толпата, која им донесува лесно надминување на дистанцијата, бришење на разликите, сличност со другите, што ја релативизира моралната одговорност. Можеби затоа учесниците во револуциите и воените конфликти не се оптоваруваат со прашањето на моралот. Општопознато е дека овие состојби во својата суштина се неморални и манипулативни, како што пишува нобеловката Светлана Алексиевич, во збирката раскази „Војната нема женско лице“[2], чијашто изјава „Секој ја извикува својата вистина. Каков кошмар од нијанси“ стои како мото на првиот дел од романот.

Но моралната одговорност, како што објаснува Бауман во книгата „Постмодерна етика“ (Бауман: 2005: 225) се храни од различноста, таа не може да постои без другите бидејќи е социјален феномен. Постмодерните личности често ги избегнуваат одговорностите за своите постапки размислувајќи во стилот: не е на Другиот да ми докажува дека му ја должам мојата одговорност. А тој и таквиот одговор со кој се покажува незаинтересираност и безгрижност и се избегнува релацијата со другиот е a priori неморален.

Сепак, животот на двајцата несудени вереници продолжува и се одржува и по разделувањето кога амбивалентноста е повеќе трансформирана во бинарна опозиција, во конфликт и борба на интереси. Тоа секако ќе донесе и нови етички норми, нови начини на однесување на едни кон други, на општествено, но и на индивидуално ниво.

## Заклучок

Во ерата на глобализираниот свет, кога сѐ може слободно да се искаже и да се напише, интересот на постмодерната публика е насочен кон поединците, адаптирајќи се, при тоа, на нивните едноставни потреби и желби да се кажува за нив самите, за нивните проблеми во кои несомнено се инволвирани и за интересите на другите – на државните структури и моќните корпорации, кои ја диктираат глобалната политиката на потрошувачкото општество. Тие се познати по игрите на моќ, кои можат да бидат физички и психолошки, со суптилна или со груба нагласеност, кои потоа неизбежно се пренесуваат во животите на медиумските претставници и на нивните семејства. Токму тие игри на моќ се во центарот на вниманието на овој труд, посветен на романот „Диссомнии“ на Игор Станојоски, во кој се

[2] Оваа книга раскази на нобеловката Светлана Алексиевич, во која се зборува за улогата на жената за време на Втората светска војна, послужила како инспирација за романот „Диссимнии“ на Игор Станојоски. Имено, тој ја преведува нејзината збирка раскази на македонски јазик само една година пред да го објави својот роман.

разобличуваат: начинот, причините и последиците од инволвираноста на ликовите во современите случувања во Украина преку интимната исповест на главниот јунак – писателот за својот приватен живот испреплетен со историските настани, личните нивни доживувања, нивното влијание врз него и сето тоа предадено преку мистериозните надреални случувања, кои на крајот сепак добиваат реални објаснувања. Сите овие манипулации, кои се прават за да се воспостават неопходните контроли и влијанија, секако ќе влијаат врз создавањето и нови етички норми, нови начини на однесување едни кон други, на индивидуално, но и на општествено ниво.

Во трудот е потенцирано појавувањето на постмодерната етика и новите морални дилеми предизвикани од девалвацијата на променетите морални норми. Во постмодерниот наратив вината за нечии однесувања е толку разретчена што дури и најискреното себепреиспитување и каење не ќе промени многу. Во него постојат гревови без грешници, вина без виновници, злосторства без злосторници, а одговорноста за резултатот од настаните, како што би рекол Бауман: „лебди во воздухот“, не наоѓајќи никаде пристан. Во тој контекст се среќаваме со флуидни љубови подложни на манипулативни однесувања, флуидни општествени односи, флуидни конфликти од големи размери, кои, во глобалниот свет, лесно можат да се префрлат од едно на друго место.

Во трудот се изнесени ставови за глобализацијата на модерното општество, која стои зад сите опишани случувања во романот, за нејзината ефикасност и последиците од неа. За оние што се сомневаат во ефикасноста на глобализмот[3] и етичноста на неговите процеси, Малком Вотерс ја потенцира споредбата на „крвавите насилни револуции кои ги формирале нациите-држави од седумнаесетиот до деветнасетиот век со ударите речиси без крвопролевање и “кадифените револуции” коишто се случија во последната третина на дваесетиот век“ (Вотерс, 2003:200), сугерирајќи дека комплетна политичка глобализација навистина е можна. Но, ние се прашуваме дали на неа не ѝ претходат крвави глобални пресметки и разорни воени конфликти со опасно дејство по целата планета? Упатуваме сомничави погледи пред убедувањата дека глобализацијата ќе донесе вистинска благосостојба за

[3] Проучувачите на глобализмот, меѓу кои Робертсон, истакнуваат дека овој процес е започнат уште од 14 век (од времето на појавата на државните заедници) и дека модернизацијата има тенденција да го забрза целиот процес (цит. според Вотерс 2003: 77). Иако, неспорно, е дека уште од времето на освојувачките походи на Александар Македонски (кои се карактеризираат со продор до далечните непознати земји на Истокот и почитување на нивните културите) може да се зборува за еден вид на глобализам.

сите единки без оглед на имотна состојба, пол и возраст; за сите народи без дискриминација во поглед на вера, раса, јазик; за сите живи битија класифицирани по родови и по видови и конечно за целата планета Земја. Она што е сигурно е дека се движиме во таа насока, сакале ние да прифатиме или не сакале. Очигледно дека за целосно прифаќање на новата глобална ситуација, ќе треба доста време – како и за прифаќањето на сите други навистина длабоки пресвртнички трансформации во човековата цивилизација.

**Литература/References:**


Алексиевич, Светлана. 2016. *Војната нема женско лице*. Антолог: Скопје. [Aleksievič, Svetlana. 2016. Vojnata nema žensko lice. Antolog: Skopje]

Бауман, Зигмунд. 2005. ***Постмодерна етика.*** Темплум: Скопје. [Bauman, Zigmunt. 2005. Postmodern Ethics. Templum: Skopje]

Бауман, Зигмунд. 2013. *Флуидна љубов*. Слово: Скопје. [Bauman, Zigmunt. 2013. Liquid Love. Slovo: Skopje]

Вотерс, Малком. 2003. *Глобализација*. Институт за демократија, солидарност и цивилно општество: Скопје. [Waters, Malcom. 2003. *Globalization.* Institut za demkratija, solidarnost i civilno opštestvo: Skopje]

Стајнер Клод. 2008. *Другата страна на моќта*. Магор: Скопје. [Steiner, Claude. The Other Side of Power. Magor: Skopje]

Станојоски Игор. 2017. *Диссомнии.* Антолог: Скопје. [Stanojoski, Igor.2017. Dissomnii. Antolog:Skopje]

Hardt Michael & Negri Antonio. 2000. *Empire*. Harvard University Press.

Vattimo, Gianni. 2008. *Transparentno društvo.* Algoritam: Zagreb.